## Прилог бр. 2 Анкета за согледувањата на банките за ризиците при нивното работење

**Анкетата за согледувањата на банките за ризиците при нивното работење има за цел да информира за согледувањата на банките коишто работат на територијата на Република Македонија во однос на главните извори на ризици со кои се соочуваат при работењето. Спроведувањето на анкетата и обработката на одговорите се извршува еднаш годишно од страна на Народната банка на Република Македонија.**

Анкетата ги опфаќа ризиците во пет групи, и тоа ризици коишто произлегуваат од: макроекономското опкружување, финансиските пазари, банкарскиот сектор, стратегијата на банката или банкарската група и промените во регулативната рамка. Притоа, со анкетата се прашуваат банките соодветно да ги рангираат ризиците според нивното значење, како и да ги искажат своите очекувања за следната календарска година. Банките го оценуваат моменталното ниво на секоја од петте групи ризици во интервалот од 1 до 5 (1 означува дека таа група ризици има мало значење за банката, додека 5 значи дека таа група ризици е исклучително значајна за банката во моментот), додека очекувањата се искажуваат преку квалитативна оценка за насоката на ризиците (растечка – „+1“, опаѓачка – „-1“ или непроменета – „0“).

**Како ризици со најголемо значење во 2015 година и најголемо влијание врз работењето на банките во 2016 година се посочени ризиците што произлегуваат од макроекономското опкружување.**

Графикон бр. 1 Рангирање на моменталното ниво (лево) и на очекувањата (десно) за ризиците коишто произлегуваат од **макроекономското опкружување**







*Како пондер за пресметка на пондерираната просечна оценка се зема учеството на активата на банките во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем.

Оваа група ризици се карактеризира со многу неизвесности, поради што низ годините наназад може да се забележат разлики меѓу очекувањата на банките за идната насока на овие ризици и оценките за нивното моментално ниво. Имено, иако се намалени оценките за моменталното ниво на ризиците од макроекономското окружување за 0,1 во однос на 2014 година, банките очекуваат зголемување на влијанието на овие ризици во 2016 година, пред сè поради надворешните ризици и политичката нестабилност. Во услови на силно изразени ризици од макроекономска природа, банките, во анкетата

спроведена во 2015 година, во најголем дел ги темелат оценките врз: неизвесноста во однос на политичката криза што придонесува за воздржаност од поголема економска активност, неизвесности од темпото на глобалното закрепнување, намалената ликвидност на корпоративниот сектор, како и неговата задолженост, неизвесности околу светските цени на суровините и на главните извозни производи, како и движењето на цените во домашната економија и состојбата на јавните финансии.

**Како втора група ризици според нивното значење за работењето на банките се оценети ризиците што произлегуваат од банкарскиот сектор.**

Графикон бр. 2 Рангирање на моменталното ниво (лево) и на очекувањата (десно) за ризиците коишто произлегуваат од **банкарскиот сектор**




*Како пондер за пресметка на пондерираната просечна оценка се зема учеството на активата на банките во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем.

Банките коишто имаат помало пазарно учество посочуваат на поголемо значење на оваа група ризици, во споредба со банките со поголем пазарен удел, од каде што и произлегува значајната разлика помеѓу пондерираното и непондерираното ниво на оваа група ризици. Еден од главните фактори поради кои банките вака ја рангираат оваа група ризици е притисокот од конкуренцијата меѓу банките, со посебен акцент на каматната политика и полибералните критериуми за одобрување кредити коишто можат да доведат до значително намалување на квалитетот на кредитното портфолио, а со тоа и до зголемување на загубите во иднина. Исто така, банките ги посочуваат и заситеноста на клиентите со понудените истородни производи, недостатокот од нова разновидна понуда на банкарски производи и можните консолидации во банкарскиот сектор.

Банките очекуваат намалување на значењето на оваа група ризици во текот на 2016 година, особено банките со поголемо учество во вкупната актива на банкарскиот систем.

**Трета група ризици по значењето за банките се ризиците што произлегуваат од промените во регулативната рамка.** Оценките на банките укажуваат раст на нивото на овие ризици во 2015 година, којшто се темели врз следниве фактори: негативните влијанија врз финансискиот резултат на банките од спроведувањето на новата законска регулатива (пример регулативата за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства), измените во регулативата коишто бараат измена во софтверски апликации што наметнува дополнителни инвестиции за софтверски решенија, ризици од меѓусебна неусогласеност на одделните прописи, недоволна

транспарентност и вклученост на банките во изработката на прописите коишто имаат влијание врз нивното работење. Сето ова ги наведува банките на понатамошни очекувања за раст на ризиците од промените во регулативната рамка.

Графикон бр. 3 Рангирање на моменталното ниво (лево) и на очекувањата (десно) за ризиците коишто произлегуваат од **промените во регулативната рамка**




*Како пондер за пресметка на пондерираната просечна оценка се зема учеството на активата на банките во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем.

**На четвртата позиција според значењето коешто го имаат врз работењето на банките се рангирани ризиците коишто произлегуваат од случувањата на финансиските пазари.** Според банките, и понатаму расте нивото на групата ризици од финансиските пазари, при што очекувањата се дека и во текот на 2016 година ќе остане исто значењето на оваа група ризици. Како фактори за ризик во оваа група банките ги наведоа: нестабилноста на финансиските пазари во евро-зоната, што го покренува ризикот од движењето на каматните стапки на меѓународните финансиски пазари, како и ризикот од движењето на домашните каматни стапки.

Графикон бр. 4 Рангирање на моменталното ниво (лево) и на очекувањата (десно) за ризиците коишто произлегуваат **од финансиските пазари**




*Како пондер за пресметка на пондерираната просечна оценка се зема учеството на активата на банките во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем.

Сепак, помалото значење на оваа група ризици е одраз на едноставната структура на македонскиот финансиски систем и недоволно развиениот финансиски пазар, што ги насочува банките кон класично прибирање депозити.

**Банките ги оценија ризиците коишто произлегуваат од стратегијата на банката или банкарската група како ризици со најмало значење.**

Графикон бр. 5 Рангирање на моменталното ниво (лево) и на очекувањата (десно) за ризиците коишто произлегуваат од **стратегијата на банката или банкарската група**







*Како пондер за пресметка на пондерираната просечна оценка се зема учеството на активата на банките во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем.

Според банките, нивните стратегии ориентирани кон пазарот и профитот ги вклучуваат зголемувањето на бројот на активности, воведувањето нови производи, а со тоа и зголемениот број на нови и задоволни клиенти. Поради сето ова, групата ризици коишто произлегуваат од стратегијата на банката, односно на банкарската група, има мало влијание. Исто така, при анализата на одговорите се воочуваат разлики во согледувањата кај банките. Имено, банките со поголемо пазарно учество, во просек, даваат помала оценка за влијанието на оваа група ризици врз работењето, во однос на банките со помало пазарно учество. Банките не очекуваат промена на значењето на оваа група ризици во 2016 година.

Во Анкетата за согледувањата на банките за ризиците при нивното работење се поставени и дополнителни прашања, коишто банките ги одговараат описно. Во продолжение се дадени одговорите на овие дополнителни прашања од анкетата спроведена на крајот од 2015 година.

Табела бр. 1

| | |
|---|---|
| *1. Дали банката има согледувања за обемот на изложеноста на ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, доколку применува само фиксни и променливи каматни стапки (без примена на прилагодливите каматни стапки)?* | |
| број на банки кои одговориле со "ДА" | број на банки кои одговориле со "НЕ" |
| 12 | 2 |
| | |
| *2. При применувањето на опцијата за прилагодување на каматните стапки, дали измените се применуваат само на новите или и на постојните договори, како за кредитите, така и за депозитите?* | |
| број на банки кои одговориле само со"НОВИ" | број на банки кои одговориле со"НОВИ И ПОСТОЈНИ" |
| 2 | 12 |
| | |
| *3. Дали Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања има влијание врз пристапот/стратегијата на банката во однос на (не)преземањето имот заради наплата на побарувања?* | |
| број на банки кои одговориле со "ДА" | број на банки кои одговориле со "НЕ" |
| 6 | 8 |
| | |
| *4. Дали очекувате да се одрази започнатото зголемување на основната каматна стапка на ФЕД, врз вашите каматни стапки на депозитите и кредитите номинирани во долари, вклучително и оние во денари со доларска клаузула?* | |
| број на банки кои одговориле со "ДА" | број на банки кои одговориле со "НЕ" |
| 2 | 12 |